












# РОДОЉУБ АНАСТАСОВ
# RODOLJUB ANASTASOV

## МАКЕДОНСКИ ИКОНОСТАС - 12 АПОСТОЛИ НА ВМРО
## MACEDONIAN ICONOSTASIS - 12 APOSTLES OF IMRO

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE



***RODOLJUB ANASTASOV***
***"MACEDONIAN ICONOSTASIS-12 APOSTLES OF IMRO"***



**РОДОЉУБ АНАСТАСОВ**

**МАКЕДОНСКИ ИКОНОСТАС - 12 АПОСТОЛИ НА ВМРО**



## 12 ИСТОРИСКИ ПОРТРЕТИ

**“Македонскиот иконостас” на сликарот Родољуб Анастасов**

Родољуб Анастасов (1935) го негува портретниот жанр, пасионирано и сериозно, кој претставува една од централните теми на неговото богато сликарско творештво. Во неговата намера да наслика циклус од 12 портрети на истакнати личности содржано ѐ едно длабоко уверување и пиетет кон нивната улога и значење во македонската историја и култура. Дванаесетте “Апостоли на ВМРО”, како што ги нарекол уметникот, го означуваат неговиот избор и свест, неговото историско паметење поврзано и со традицијата во сопствената фамилија. Анастасов, тргнувајќи од таква душевна побуда и изграден индивидуален став се определил за доследен и јасен ликовно - уметнички приод. Неговата техника на претставување е прецизна и суптилна, заснована на висока цртачка вештина, валерски издиференцирани линии и тонска моделација на формата. Тој осознал дека за тие ликови не може да се сведочи, или пак да се суди за нив. Причината за тоа е едноставна и се наоѓа во фактот што за нивниот изглед не постои задоволителен фотографски материјал. Затоа уметниковото настојување - да го направи видливо тоа што не е видливо заслужува посебно внимание. За него, да се обликува портретен лик според скуден фото материјал значело да ја вклучи имагинацијата и специфичниот креативен напор во доловувањето на суштествените аспекти на портретниот жанр. Така, психолошкиот и веристичкиот момент добиле лична осмисленост и белези на авторска проекција, на сопствен поглед и доживување: Анастасов создал портретни ликови со реалистично - имагинарни белези со карактеристично синтетизирање на изразните содржини и фактографските елементи кои можат да сугерираат едно историско време. Сликарскиот “позитивизам”, кој ги содржи елементите на сигурно компонирање и јасна форма, не ја исклучил посебноста на сликарскиот ракопис. Со негови средства постигнати се посебни ефекти на светлина која е фокусирана на челото, окото или некој друг дел од лицето или бистата. Портретните ликови, изделени на рамна и чиста основа се изработени на ист формат и создаваат целина со единственоста на грижливата и прецизна техника на сликање. Ликовите имаат нагласено индивидуализирани црти, со нагласено психолошко проникнување во секој пооделно. Извесниот поглед на страна, малку на лева или на десна страна може да се протолкува како избегната средба со гледачот. Тоа

пак, заедно со ефектите на светлина и експресивниот набој создаваат сугестија на "ликови од минатото". Портретните ликови, покрај индивидуалните психолошки белези и црти на лицето содржат различни белези на облеката, во боја и модел (палто, кошула, врска). Авторот на овие историски, некои од нив судбински унесреќени личности, им вдахнал нешто посебно и светечко. Тргнувајќи од својата емоција и став, како и од евидентното понирање во историските слоеви тој создал впечатлива ликовна целина наречена "македонски иконостас". Тој е составен од портретните ликови, обликувани персоналности на познати историски личности, какви што се: Христо Татарчев, Владислав Ковачев, Ѓорче Петров, Тодор Александров, Дамјан Груев, Гоце Делчев, Никола Карев, Димо Хаџи Димов, Павел Шатев, Иван Михајлов, Пере Тошев и Јане Сандански. Замислата, сликовната претстава е промислено и систематично формулирана со јасно дефинирање и чувствително внимание спрема портретираните историски личности. "Дванаесетте апостоли на ВМРО" во содржинска и ликовно - изразна смисла преставуваат една поврзана и цврста целина во која доаѓаат до израз хармонијата на формата и бојата, како и на мислата и чувството. Во овој "македонски иконостас" содржан е уметниковиот омаж, во кој со душа и уверување се манифестира сопствениот морален, историски и човечки идеал и идентитет. Затоа со полно право ќе речеме дека станува збор за исклучителен авторски проект што не ѐ забележан во досегашниот развиток на современата македонска уметност.

**Д-р Владимир Величковски**

## 12 HISTORICAL PORTRAITS

**"Macedonian Iconostasis" by the artist Rodoljub Anastasov**

Rodoljub Anastasov (1935) pursues the genre of portrait painting passionately and seriously, which represents one of the central themes of his rich artistic opus. In his intention to paint a cycle of 12 portraits of eminent figures, there is a deep conviction and piety for their role and importance in the Macedonian history and culture. The "Twelve Apostles of IMRO" as the painter names them indicate his historic memory, which is also related to his family tradition. Setting off from such an emotional incentive and firm personal standpoint, Anastasov is destined to a consistent and distinct artistic approach. The technique of his presentation is precise and subtle, based on high drawing skills differentiated lines and total modulation of the form. He comprehends that there is neither witnessing nor judgment for these characters. The reason for his is simple and lies in the fact that there is no sufficient photo material of their appearance. Therefore, the artist's intention to make visible what is invisible deserves special attention. For Anastasov to shape a portrait based on meager photo material, meant the involvement of his imagination and a specific creative effort in capturing the essential aspects of the portrait genre. Thus, the psychological and veritable moment take on a personal meaning with features of the author's projections as an individual view and experience. Anastasov created portraits with realistic and imaginary features with characteristic synthesis of the expressive content and factual elements, which may suggest a historic period. The painters" positivism" that contains elements of secure composing and clear form does not exclude the uniqueness of his signature. Through his own means, the artist achieves special effects of light focused on the forehead, the eye or some other part of the face or bust. The portrayed images separated on flat and pure background are made in the same format and create a whole through the unique attention and precise painting technique. The images have accentuated distinguishing features with psychological in-depth emphasis in each individually. The particular sideway glance, a little to the left or the right side can be interpreted as avoiding eye contact with the viewer. This together with the light effects and the expressive charge create a suggestion of "images from the past". Apart from the individual psychological characteristics and facial features, the depicted images bear distinctive qualities in the clothing, color and style (jacket, shirt and tie). The author of these historical figures, some of whom are unfortunate by fate, has injected into them a special and saintly quality. Bearing in mind his emotion and attitude and the evident leap into the historic layers, he created an impressive artistic entirety known as the "Macedonian iconostasis". It is com-

prised of portrayed images modeled on personalities of well known historical figures such as: Hristo Tatarčev, Vladislav Kovačev, Gjorče Petrov, Todor Aleksandrov, Damjan Gruev, Goce Delčev, Nikola Karev, Dimo Hadji Dimov, Pavel Šatev, Ivan Mihailov, Pere Tošev and Jane Sandanski. The idea for pictorial representation is conceptualized and systematically formulated with distinct definition and sensitive observance towards the depicted historic figures. In the artistic expression and essence, the "Twelve Apostles of IMRO" represent a connected and strong entirety, where the harmony of the shape and color are emphasized as well as the idea and emotion. This "Macedonian iconostasis" embodies the artist's homage and through his soul and conviction is a manifestation of his individual morale, historic ideal and identity. Therefore, we may claim with full justification that this is an author's project unequalled to date in Macedonian contemporary art.

**Vladimir Veličkovski Ph. D.**



СКИЦА 1.
ВЛЕЗ ВО САЛОНОТ
МАКЕДОНСКИ ИКОНОСТАС-12 АПОСТОЛИ НА В.М.Р.О.
MACEDONIAN ALTAR - 12 APOSTLES OF V.M.R.O.
КРСТОТ ГЛЕДАН ОД
ПРЕДНА СТРАНА




**Христо Татарчев / Hristo Tatarčev, 1869 - 1952**




**Владислав Ковачев / Vladislav Kovačev, 1875 - 1924**



**Ѓорче Петров / Gjorče Petrov, 1864 - 1921**



**Тодор Александров / Todor Aleksandrov, 1881 - 1924**




**Дамјан Груев / Damjan Gruev, 1871 - 1906**



**Гоце Делчев / Goce Delčev, 1872 - 1903**




**Никола Карев / Nikola Karev, 1877 - 1905**



**Димо Хаџи Димов / Dimo Hadji Dimov, 1875 – 1924**




**Павел Шатев / Pavel Šatev, 1882 - 1951**



**Иван Михајлов / Ivan Mihailov, 1896 - 1990**




**Пере Тошев / Pere Tošev, 1865 - 1912**



**Јане Сандански / Jane Sandanski, 1872 - 1915**


СКИЦА 2.
КРАЈ НА САЛОНОТ
КРСТОТ ГЛЕДАН ОД ЗАДНА СТРАНА , ИКОНОСТАСОТ НА 12те АПОСТОЛИ НА В.М.Р.О.
ПОСТАВЕН НА ПОЛУКРУЖЕН ЅИД ,
ИСТИОТ ОСВЕТЛЕН СО 12 СВЕТЛОСТНИ ИЗВОР

**Христо Татарчев** (Ресен, 16. XII 1869 - Торино, Италија, 5. I 1952), лекар, еден од основачите на ВМРО, прв претседател на ЦК ВМРО. Во 1907 година бил избран за задграничен претставник на оргнизацијата во Софија. По Првата светска војна се придружил на федералистичкото крило на ВМРО. Во 1923 година емигрирал во Италија каде останал до својата смрт.

**Владислав Ковачев** (Штип, 5. I 1875 - Софија, 13. IX 1924) доктор по правни науки, војвода, адвокат, публицист. Бил секретар на Врховниот македонски одрински комитет (1899-1901) и учесник во Илинденското востание. По првата светска војна идеолог на Македонската емигрантска федеративна организација и редактор на весникот "Автономна Македонија" (1920-1922). Се застапувал за создавање на посебна држава на македонскиот народ во рамките на Балканска федерација.

**Ѓорче Петров** (Варош, Прилеп, 2. IV 1865 - Софија, 28. VI 1921), учител и професор, раководител и идеолог на ВМРО, публицист. Основач е на повеќе револуционерни групи и комитети на ВМРО низ Македонија. Учесник е на Солунски конгрес и еден од авторите на Уставот и правилникот на ВМРО. Бил задграничен претставник на ВМРО во Софија (1897-1901) и учесник во Илинденското востание. Од 1919 година бил член на Серската група револуционери и на Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО.

**Тодор Александров** (Ново Село, Штипско, 4. III 1881 - с. Сугарево, Мелничко, 31. VIII 1924), учител, војвода и раководител на ВМРО. Бил член на ЦК ВМРО од 1911 година до неговото убиство во 1924 година. Од 1919 година ја обновил ВМРО под име "Автономистичка ВМРО" и ги раководел оружените четнички акции во вардарскиот дел на Македонија, спротивставувајќи се на српската колонизација. Потписник е на Мајскиот манифест (1924).

**Дамјан Груев** (с. Смилево, Битолско, 19. I 1871 - с. Русиново, Малешевско, 23. XII 1906), учител, војвода, еден од основачите на ВМРО, нејзин прв секретар и член на ЦК. Пропагатор и организатор на првите тајни револуционерни групи, градски и селски комитети на организацијата. Еден е од основачите на Младата македонска книжовна дружина и на списанието "Лоза" (1891 / 92). Бил раководител на Смилевскиот конгрес и член на Востаничкиот штаб на Илинденското востание (1903). Претседател на Рилскиот конгрес (1905) и автор на конгресните материјали.

**Гоце Делчев** (Кукуш, 4. II 1872 - с. Баница, Серско, 4. V 1903), учител, војвода и раководител на ВМРО. Главен инспектор на четите на организацијата и на револуционерните окрузи. Еден од најзаслужните за проширувањето на организационата мрежа во градовите и селата. Учесник на Солунскиот конгрес (1896) и автор на Уставот и правилникот на ВМРО. Член на ЦК ТМОРО и задграничен преставник во Софија, задолжен за организацијата на четничкиот институт.

**Никола Карев** (Крушево, 1877 - с. Рајчани, Кочанско, 27. IV 1905), учител, војвода и раководител на ВМРО. Учесник на Смилевскиот конгрес и началник на Горскиот штаб на Илинденското востание. Претседател на Крушевската република и автор на Крушевскиот манифест.

**Димо Хаџи Димов** (с. Горно Броди, Серско, 1875 - Софија, 13. IX 1924) револуционерен деец, журналист и публицист. Бил редактор на весникот "Револуционерен лист" (1905) и еден од учестниците во формирањето на Народната федеративна партија (1908). По Балканските и Првата светска војна се ориентирал кон левицата на ВМРО. Во 1924 бил избран за член на ЦК БКП и за пратеник во Бугарското народно собрание.

**Павел Шатев** (Кратово, 15. VII 1882 - Битола, 30. I 1951), доктор по правни науки, револуционерен деец, публицист, државник. Учестник во Солунските атентати (1903). По Првата светска војна се приклучил кон левицата на ВМРО, станувајќи член на Македонската емигрантска федеративна организација и член на раководството на ВМРО (Обединета), предводејќи ја националфедеративната струја. По ослободувањето на Македонија во 1944 година бил избран за член на Президиумот на АСНОМ и министер за правосудство.

**Иван Михајлов** (Ново Село, Штипско, 26. VIII 1896 - Рим, 5. IX 1990), член на ЦК на ВМРО и лидер на организацијата во периодот меѓу двете светски војни (1925-1941). Главна парола на неговата ВМРО била "Независна Македонија". По забраната на ВМРО во 1934 година емигрирал во Турција, а во 1938 во Полска. За време на Втората светска војна престојувал во Загреб, а по војната емигрирал во Рим, каде што живеел до својата смрт.

**Пере Тошев** (Прилеп, 1865 - с. Фариш, Тиквеш, 4. V 1912), учител, војвода, долгогодишен член на ЦК на ВМРО. Основоположник на првите револуционерни комитети во Прилеп, Скопје и Битола. Учесник во Илинденското востание во Прилепско и Мариовско. Организатор на Прилепскиот конгрес (1904), каде во поднесениот Проект-правилник се застапувал за реорганизација, демократизација и децентрализација на ВМРО.

**Јане Сандански** (с. Влахи, 31. I 1872 - Мелник, 22. IV 1915), војвода и раководител на ВМРО во Серскиот револуционерен округ. Учесник на Илинденското востание во Пиринскиот дел на Македонија. Еден од најистакнатите учесници во Младотурската револуција (1908) и на Младотурската контрареволуција (1909).

**Др. Зоран Тодоровски**

**Hristo Tatarčev** (Resen 16. XII 1869- Torino, Italy, 5. I. 1952) doctor, one of the founders of IMRO, first president of the Central Committee of IMRO. In 1907 was elected a member of the over the frontier organization in Sofia. After World War I, he joined the federalist wing of IMRO. In 1923 he immigrated to Italy where he stayed till his death.

**Vladislav Kovačev (**Štip, 5. I. 1875- Sofia, 13. IX 1924) doctor of law, "vojvoda"-duke, attorney, and publicist. He was the secretary of the Supreme Macedonian Adrianople Committee (1899-1901) and participant of the Ilinden Uprising. After World War I is the ideologist of the Macedonian emigration federative organization and editor of the paper "Autonomous Macedonia" (1920 - 1922). He represented the ideas for the creation of an independent Macedonian state in the frames of the Balkan federation.

**Gjorče Petrov** (Varoš, Prilep, 2. IV 1865 - Sofia, 28. VI 1921) teacher and professor, leader and ideologist of IMRO, publicist. Founder of several revolutionary committees of IMRO in Macedonia. Participant of the Salonika Congress and one of the authors of the constitution and regulation book of IMRO. He was over the frontier member of IMRO in Sofia (1897-1901) and participant of the Ilinden Uprising. From 1919 he was a member of the Serres group of revolutionaries and the Temporary seat of the united former IMRO.

**Todor Aleksandrov** (Novo Selo, Štip, 4. III 1881- v. Sugarevo, Melnik, 31. VIII 1924), teacher, "vojvoda"-duke and leader of IMRO. He was a member of the Central Committee of IMRO from 1911 till his assassin in 1924. From 1919 he renewed IMRO under the name of "Autonomous IMRO" and was leader of the armed detachment troop actions in the Vardar region of Macedonia in the resistance of the Serbian colonization. He signed the May manifesto (1924).

**Damjan Gruev** (v. Smilevo, Bitola, 19. I 1871-v. Rusinovo, Maleševo, 23. XII 1906) teacher, "vojvoda"-duke, one of the founders of IMRO, its first secretary and member of the Central Committee. Head of the propaganda and organization of the first secret revolutionary groups, organizer of the town and village committees. One of the founders of the Youth Macedonian Literary groups and founders of the journal "Loza" (1891/2). He led the Smilevo Congress and was a member of the Uprising headquarters of the Ilinden Uprising (1903). President of the Rila Congress (1905) and author of the congress papers.

**Goce Delčev** (Kukuš, 4. II 1872-v. Banica, Serres, 4. V 1903), teacher, "vojvoda"-duke and leader of IMRO. He was the chief inspector of the organization troops and of the revolutionary districts. One of the most deserving members for the spreading of the organization network in the towns and villages. Participant of the Salonika Congress (1896) and author of the constitution and regulation book of IMRO.He was a member of the Central Committee of the Secret Macedonian Adrianople Revolutionary Organization and across the border representative in Sofia, in charge of the troops (chetnik) institute.

**Nikola Karev** (Kruševo, 1877 -v. Rajčani, Kočani, 27.IV 1905) teacher, "vojvoda"-duke,leade of the IMRO.Participant of the Smilevo Congress and head of the Supreme (gorski) headquarters of the Ilinden Uprising.President of the Kruševo Republic and author of the Kruševo manifesto.

**Dimo Hadji Dimov** (v. Gorno Brodi, Serres 1875- Sofia, 13.IX 1924) revolutionary activist, journalist and publicist.Was an editor of the paper "Revolucioneren list"(1905) and one of the founders of the Peoples Federative Party (1908).After the Balkan and World War I he was oriented towards the left wing of IMRO.

**Pavel Šatev** (Kratovo, 15.VII 1882- Bitola, 30. I. 1951), doctor of law, revolutionary activist, publicist, statesman. He was a participant of the Salonika assassins (1903). After the World War I, he joined the left wing of IMRO becoming a member of the Macedonian emigration federation organization and member of the headquarter of IMRO (United), leading the National-Federative movment. After the liberation of Macedonia in 1944 was elected a member of the Presidium of the Anti-Fascist Assembly of the National Liberation of Macedonia (ASNOM) and a Minister of justice.

**Ivan Mihajlov** ( Novo Selo, Štip, 26 VIII 1896- Rome, 5. IX 1990), member of the Central Committee of IMRO and leader of the organization in the period between the World Wars (1925-1941). The main slogan of his IMRO was "Independent Macedonia" After the prohibition of IMRO in 1934 he immigrated to Turkey and in 1938 in Poland.During the Second World War he stayed in Zagreb and after the war immigrated to Rome where he lived up till his death.

**Pere Tošev** (Prilep, 1865- v.Fariš, Tikveš, 4. V 1912), teacher,"vojvoda"- duke, long time member of the Central Committee IMRO.Founder of the first revolutionary committees in Prilep, Skopje and Bitola.Participant of the Ilinden Uprising in the Prilep and Mariovo region. Organizer of the Prilep Congress (1904) where with his proposed Project- regulation book supported the ideas for reorganization, democracy and decentralization of IMRO.

**Jane Sandanski** (v. Vlahi, 31. I 1872- Melnik, 22. IV 1915),"vojvoda"-duke and leader of IMRO in the Serres revolutionary district. Participant of the Ilinden Uprising in the Pirin region of Macedonia.One of the most eminent participants of the Young Turks Revolution (1908) and the Young Turks Contrarevolution (1909).

**Zoran Todorovski, Ph. D.**

Abbreviation used in the text:

IMRO= Internal Macedonian Revolutionary Organization, in Macedonia= VMRO

**БИОГРАФИЈА**

**Родољуб Анастасов** е роден 1935 година во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Белград. Бил член на меѓународната група " Јуниј".

Неговиот живот е посветен на сликарството а како втора определба, од 1968 година, му е и ликовно - педагошката дејност. Вработен е на Факултетот за ликовни уметности во Скопје од неговото формирање во 1980 година. Некогашен политички робијаш од Голи Оток.

Има остварено **28 самостојни изложби** (во заградите е презентиран бројот на одржаните изложби): **Скопје(4), Прилеп, Охрид и Велестово - Р. Македонија; Париз (3) - Франција ; Нови Сад (2), Белград и Зрењанин - СР Југославија; Љубљана и Марибор - Р. Словенија; Сараево, Тузла и Мостар - Босна и Херцеговина; Загреб, Пореч, Бузет, Лабин, Пазин, Ровињ и Пула - Р. Хрватска; Софија - Р. Бугарија; Истанбул - Турција.**

Добитник е на **33 награди** од кои **13 национални, 7 во СР Југославија, 6 во Босна и Херцеговина, 5 во Хрватска, 2 во Египет** (на 8 - то и 14 - сеттото Медитеранско Биенале во Александрија).

Учествувал на над 400 групни изложби во Македонија и во светот.
Позначајни се (во заградите е презентиран бројот на учествата): **Медитеранско Биенале во Александрија (2), Египет; Светско Триенале во Њу Делхи, Индија; Меѓународна изложба на оригинален цртеж, Ријека (5), Хрватска; Триенале на југословенската ликовна уметност, Белград (3), СР Југославија; Ангажирана уметност во Југославија 1919 - 1969, Словењ Градец, Р. Словенија; Квадриенале на југословенскиот портрет, Тузла (4), Босна и Херцеговина; Балканско Биенале, Букурешт, Романија; Биенале на југословенскиот акварел, Карловац (4), Хрватска; Југословенска уметност на 20. век - Југословенско сликарство во шесттата деценија, Белград, СР Југославија; Интернационално Триенале на цртеж, Нирнберг, Германија; Единбуршки фестивал, Единбург, Велика Британија; Меѓународен фестивал на портретот, Тузла (2), Босна и Херцеговина; Загребска изложба на југословенскиот цртеж, Загреб(6), Хрватска.**

Учесник е на повеќе репрезентативни изложби во светот, на следниве континенти: **Европа, Азија, Северна Америка, Африка и Австралија**, во градовите: **Бејрут, Дамаск, Ферара, Багдад, Истанбул, Триполи, Анкара, Каиро (3), Париз (4), Ним, Шел, Ковентри, Пиатра Неамц, Рим (2), Јаши, Улан Батор, Грац (2), Хелсинки, Даалборг, Осло, Хеинаку, Даблин, Единбург, Ланкашир, Атина, Глазгов, Пекинг (2), Белфаст, Брадфорд, Јинан, Вроцлав, Тулон, Нанкинг, Никозија (2), Варшава, Ајдховен, Букурешт (2), Лисабон, Евора, Штутгард, Порто, Ле - Сен Сурмер, Коимбра, Порта Делгада, Фуншал, Салон де Прованс, Темпи, Келн, Сент Квентин, Гризборо, Леверкузен, Валета (2), Москва, Ричмонд, Токио, Мериленд, Диселдорф, Софија, Њукасел, Тилбург, Лондон.**

Вклучен е во следните поважни лексикони:

**" International Who's Who of intelektuals"** (1999) во издание на Интернационалниот биографски центар во Кембриџ, Велика Британија;

**" Five Hundred Leaders of influence"** во издание на Американскиот биографски институт;

**“ The International Directory of Distinguished Leadership“**, како еминентна личност наведена во интернационално признати биографски дела;

**“ Die Bildende Kunstler aller Zeiten und Volker “** (1986) во издание на Thieme - Becker Kunstlexikon од Лајпциг, Германија;

**“ Likovna enciklopedija Jugoslavije”** (1987) во издание на Jugoslavenski leksikografski zavod “Miroslav Krleža” од Загреб, Р. Хрватска;

**“ On Paper Gallery, Miniature Contemporary Art Museum”** (1989) од Artists Works, Токио - Јапонија;

И во познатиот француски лексикон во кој му е заштитен потписот, **E. Benezit dictionnaire des peinters, sculpteurs, dessinateurs et graveurs, by Grunд** - Париз (1999).

Како признание за посебен придонес добитник е на **Плакета на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”** по повод 50 - годишниот јубилеј.

Добитник е на **“Медаљата на честа - 2000 Милениум”** на Американскиот биографски институт како личност која оставила длабок белег во развојот на севкупното светско општество, и др.

Детален преглед на биографските и библиографските податоци види во: **Владимир Величковски, Родољуб Анастасов**, Табернакул, Скопје, 1994.

Адреса: Бул. Партизански одреди бр. 93 - 1 / 9, 1000 Скопје, Македонија
тел. ++ 389 2 374065

Клевеландска 29, 1000 Љубљана, Словенија
тел. ++ 386 1 5411647

## BIOGRAPHY

**Rodoljub Anastasov** was born in 1935, in Skopje, R. Macedonia. Graduated at the Academy for Fine Arts in Belgrade. Was a member of the international group "Junij". His life is devoted to painting and as a second preoccupation from 1968 is artistic-education. He is employed at the Faculty of Fine Arts in Skopje since its founding in 1980. Once was a political prisoner on the island of "Goli Otok"

He has accomplished **28 one - man exhibitions** (the number of the shows is stated in the brackets): **Skopje (4), Prilep, Ohrid and Velestovo - R. Macedonia; Paris (3)-France; Novi Sad (2), Belgrade and Zrenjanin - SR Yugoslavia; Lubljana and Maribor - R. Slovenia; Sarajevo, Tuzla and Mostar - Bosna and Herzegovina; Zagreb, Poreč, Buzet, Labin, Pazin, Rovinj and Pula - R. Croatia; Sofia - R. Bulgaria; Istanbul -Turkey.**
He is a holder of **33 awards of which 13 national, 7 in SR Yugoslavia, 6 in Bosnia and Herzegovina, 5 in Croatia, 2 in Egypt**, (of the 8th and the 14th Mediterranean Biannual in Alexandria).

He has participated in over 400 group exhibitions in Macedonia and abroad.

The more important are (the number is stated in the brackets refers to the participation) :
**The Mediterranean Biennial in Alexandria (2)-Egypt; The Worlds Three-annual in New Delhi India; International exhibition of original drawing, Rijeka (5), Croatia; Three-annual exhibition of Yugoslav art, Belgrade (3), SR Yugoslavia; Engaged art in Yugoslavia 1919 - 1969, Slovenia Gradec, R. Slovenia; One a forth year exhibition of Yugoslav portrait, Tuzla (4) Bosnia and Herzegovina; Balkan Biannual, Bucharest, Romania; Biannual exhibition of watercolor in Yugoslavia, Karlovec (4), Croatia; Yugoslav art of the 20th century - Yugoslav painting in the sixth decade, Belgrade , SR Yougoslavia; International Three- annual exhibition of drawings, Nirnberg, Germany ; Edinburgh festival, Edinborough, Great Britan; International festival of portraiture , Tuzla (2), Bosnia and Herzegovina; Zagreb exhibition of Yugoslav drawings, Zagreb (6), Croatia.**

He has participated at a number of representative exhibitions on these continents: **Europe, Asia, North America, Africa and Australia and in the following cities: Beurut, Damascus, Ferrara, Baghdad, Istanbul, Tripoli, Ankara, Cairo (3), Paris (4), Nim, Shell, Coventry, Piatra- Neamt, Rome (2), Yashi, Ulan Bator, Graze (2), Helsinki, Daalbourg, Oslo, Hainacu, Dublin, Edinbourough. Lancashire, Athens, Glasgow, Beijing (2), Belfast, Bradford, Yinan, Vroclav, Toulon, Nankeen, Nicosia (3), Warsaw, Idahoven, Buchurest (2), Lisboa, Evora, Stuttgard, Porto, Le-San Sumer, Coimbra, Porta Delgada, Funshal, Salon de Provance, Tempe, Köln, Sain Quentin, Greensborough. Leverkruzen, Valeta (2), Moscow, Richmond, Tokyo, Maryland, Düseldorf, Sofia, Newcastle, Tylburg, London.**

He has been listed in the more important dictionaries: **"International Who's Who of intellectuals"** (1999)-Cambridge, Great Britain; **Five Hundred Leaders of influence**-American biographic institute; **The International Directory of Distinguished Leadership**, as an eminent personality he is cited in international biography works; **"Die Bildede Künstlexikon** in Laipcing, Germany; **Likovna Enciklopedija Jugoslavije** (1987), Zagreb; **On Paper Gallery, Minature Contemporary Art Museum** (1989) from Artists Works, Tokyo, Japan; in the French dictionary his signature has been protected, **E. Benezit dictionnaire des peintres, sculteurs, dessinateures et graveures, by Grund** - Paris (1999).

For special achievement he is awarded with the **Plaque of the University of SS. Cyril and Methodius** in Skopje for the 50th year anniversity. He holds the **"Medallion of honor - 2000 Millennia"** of the American Biographical Institute, as a personality that has given valuable mark on the development of society and etc.

For a more in-depth data see: Vladimir Veličkovski, Rodoljub Anastasov, Tabernakul, Skopje, 1994.
Address: Bul. Partizanski odredi 93 - 1 / 9, 1000 Skopje, Macedonia; phone: ++ 389 2 374065
Clevelandska 29, 1000 Ljubljana, Slovenia; phone: ++ 386 1 5411647



## ОПИС НА ПРОЕКТОТ

Проектот **"Македонски иконостас - 12 апостоли на ВМРО"** е амбиент кој ја користи издолжената основа на галеријата (6, 27 x 32, 22 м.). Со полукружна интервенција е заоблен нејзиниот заден дел. Во оваа метафорична апсида поставени се 12 портрети на македонски дејци сликани во периодот 2000 - 2001 година: **Христо Татарчев, Владислав Ковачев, Ѓорче Петров, Тодор Александров, Дамјан Груев, Гоце Делчев, Никола Карев, Димо Хаџи Димов, Павел Шатев, Иван Михајлов, Пере Тошев и Јане Сандански**. Делата се работени во техниката масло на платно, имаат ист формат (58 x 38, 5 см.) и иста дополнителна опрема. Сите портрети се именувани во бакарна плочка во долниот дел од рамката.

На влезот во овој простор централно е поставен бел крст (270 x 200 x 50 см.).

На страничните ѕидови од галеријата, во продолжение на иконостасот, поставени се симетричен број на празни рамки со ист формат, чија боја прогресивно го намалува интензитетот со одалечувањето од апсидалниот дел. Растојанието меѓу нив е во прогресивно зголемување кон влезот во амбиентот.

Пригушеното осветлување настојува да создаде атмосфера на свет чин.

**Лазо Плавевски**

## DESCRIPTION OF THE PROJECT

The project **"Macedonian Iconostasis-12 Apostles of IMRO"** makes use of the environment of the elongated layout of the gallery (size 6, 27 x 32, 22 m. ), where an intervention is made at the lower end with a semicircle form. Twelve portraits of distinguished Macedonian men painted in the period 2000-2001 are placed in the metaphoric apse. The portraits include **Hristo Tatarčev, Vladislav Kovačev, Gjorče Petrov, Todor Aleksandrov, Damjan Gruev, Goce Delčev, Nikola Karev, Dimo Hadji Dimov, Pavel Šatev, Ivan Mihailov, Pere Tošev and Jane Sandanski**. The works are painted in the technique oil on canvas, all in exact size (58 x 38, 5 cm.) and framing. Each portrait bares the name on a copper plate, placed at the bottom of the frame.

A white cross is placed at the entrance on a central position (270 x 200 x 50 cm.).

As an extension to the iconostasis, empty identical frames are hung on the sidewalls in symmetrical numbers, which have reduced intensity of color as seen from the apse. The space between them is progressively enlarged towards the entrance.

The use of soft lighting strives to create an atmosphere of a sanctified act.

**Lazo Plavevski**

*Издавач:* ***Музеј на град Скопје***

*Одговорен уредник:* ***Ѓорѓи Чулаковски***

*Организација на изложбата:* ***Лазо Плавевски***

*Текстови:* ***Др. Владимир Величковски, Др. Зоран Тодоровски и Лазо Плавевски***

*Превод на англиски:* ***Јасминка Чокревска - Филип***

*Слајдови и фотографии:* ***Марин Димески*** *(стр.4, 10-21),* ***Борис Габершчик*** *(стр. 9, 22)* ***и***
***Станимир Неделковски*** *(стр. 2-3; 30)*

*Дизајн и подготовка на каталог:* ***Фросина Зафировска, Срѓан Спасиќ***

*Макета:* ***инж. арх. Јован Миронски*** *(проект)* ***и Стојче Апостоловски*** *(изработка)*

*Печати:* ***Скенпоинт***

*Тираж:* ***1000***

*Реализација:* ***Музеј на град Скопје, Скопје, ноември - декември 2001***

*Publisher:* ***Museum of the City of Skopje***

*Editor-in-chief:* ***Gorgi Čulakovski***

*Organization of the exhibition:* ***Lazo Plavevski***

*Texts:* ***Vladimir Veličkovski Ph.D, Zoran Todorovski Ph.D and Lazo Plavevski***

*Translation:* ***Jasminka Čokrevska - Filip***

*Slides and photographs:* ***Marin Dimeski*** *(p. 4, 10 - 21),* ***Boris Gaberščik*** *(p. 9, 22)* ***and***
***Stanimir Nedelkovski*** *(p. 2-3; 30)*

*Layout:* ***Frosina Zafirovska, Srdjan Spasic***

*Model:* ***arch. Jovan Mironski*** *(project)* ***and Stojče Apostolovski*** *(realisation)*

*Printed by:* ***Skenpoint***

*Copy:* ***1000***

*Realisation:* ***Museum of the City of Skopje, Skopje, November - December 2001***

***Изложбата и каталогот се реализирани со поддршка на***
***Министерството за култура на Република Македонија***

***The exhibition and the catalogue are supported by the***
***Ministry of Culture of the Republic of Macedonia***

*ISBN 9989-612-69-2*